**Прашања од општини по однос на Првиот повик за финансирање на техничка докуметација (четврт дел)**

1. При постапка за изработка на основен проект за регионална водоводна мрежа која ја изврешувале два различни оператори, за дел има основен проект, за дел е изработен идеен проект, но и за двете нема одобрение. Дали може да се аплицира на овој повик за целата документација што е изработена да се спои и да се добие еден единствен основен проект?

**Одговор**: Предложениот проект може да се прифати во рамките на овој повик. Но, доколку е потребна фазна имплементација (изведба) на проектот (регионална водоводна мрежа), тогаш во апликацијата треба да се посочи дека е потребно да се изготват посебни Основни проекти (со сите инженерски фази) кои ќе ја отсликуваат фазната имплементација.

2. Дали ослободувањето од ДДВ важи и за делот од средствата за кофинансирање дали и тие се ослободени од ДДВ?

**Одговор**: Во принцип ослободувањето од пкаќање на ДДВ важи само за донаторските средства. Обврска на добитниците на грант е да го регулираат ова прашање согласно важечката регулатива во државата.

3. Доколку кај Проектот со кој сакаме да аплицираме се јави потреба од решавање на имотно-правни односи, истите може да се решат во тек на неговата реализција. Дали може градоначалникот да даде изјава дека доколку се појави потреба за експропијација на земјиштете истата ќе биде решена или треба истата да биде решена во тек на поднесување на самата апликација?

**Одговор:** Доколку проектниот опсег офаќа линиска инфраструктура (на пр., пат, водовод, канализација), приватните имоти се евидентираат и нумерички се дефинираат со Урбанистичкиот проект (Геодетски елаборат со нумерички податоци за недвижноста(ите)) и доволна е изјава од градоначалникот дека општината ќе ги подготви и поднесе сите потребни документи согласно Законот за експропријација. Со други зборови, не е потребно да бидат решени имотно – правните прашања пред поднесување на апликацијата.

Ако проектниот опсег вклучува високоградба и е на приватен имот, или објектот е во приватна сопственост, тогаш потребна(и) е изјава од сопственикот(иците) и Градоначалникот на општината.

4. Дали е прифатливо во една апликација да се бара изработка на техничка документација за два различни објекти, кои секако ги има во Табела 2 од повикот, во две различни категории, на пример реконструкција на улица и изградба на детска градинка? Бидејќи станува збор за поголема општина износот би се вклопил во максималниот износ од 70.000 УСД.

**Одговор**: Комбинирањето на проекти во една апликација од една општина е можно доколку истите се сродни (на пр., хидротехнички градби или јавни објекти), или доколку се функционално поврзани. Наведениот случај на комбинација на разнородни и неповрзани објекти не се прифаќа.

Вакво комбинирање на разнородни објекти може да се прифати кога апликацијата е резултат на меѓуопштинска соработка (две или повеќе партнерски општини). Сепак, дури и кога ова е случај, потребно е барем да имаат заеднички стратешки цели од општинските стратешки или акциони документи (на пример: во економски, инфраструктурен, образовен или социјален развој).

5. Во проектната апликација во делот на Изјава за ангажирање на стручни лица – дали се лица од општините кои ќе раководат со проектот?

**Одговор**: Да, станува збор за лица од општината и/или соодветниот центар за регионален развој кои ќе бидат вклучени во реализацијата на проектот. Тоа се лицата кои ќе се вклучат во изработка на Проектните задачи и понатамошната реализација на проектот со поддршка на стручните лица ангажрани од самите добитници на грант (проектантите) и УНДП (ревидентите и другите инженери-обучувачи).

**6.** Во проектната апликација во делот на Проектна задача, дали треба да се пополни или може да се прескокне?

**Одговор**: Во апликацијата потребно е да се наведе само дали постои претходна Проектна задача за предложениот проект. Инаку, самата Проектна задача ќе се изработува со поддршка на стручни лица ангажирани од страна на УНДП по доделувањето на грантот.

**7.** Дали при подготовка на апликацијата може да се ангажираат експертите на УНДП?

**Одговор**: За да се избегне ситуација на конфликт на интереси, експертите ангажирани од страна УНДП за овој проект не може да се ангажираат од општините или од центрите како поддршка на подготовка на апликациите.

**8.** Каков тип на проекти да се наведат во делот 5 од апликацијата – дали само проекти за проектирање/ревизија или и проекти за изведба?

**Одговор**: Приоритетно да се наведат проектите кои што вклучувале проектирање (на различно ниво – идеен, основен, изведбен проект), ревизија на вакви проекти, како и изработка на физибилити студии за инфраструктурни објекти и сл. Проекти за изведба може да се наведат ако како дел од проектот изработувана е соодветна техничка документација (на пр., проект на изведена состојба) во кој што биле вклучени претставници на општината.

**9.** Што означува број за идентификација во барањето за грант?

**Одговор**: Станува збор за интерен идентификационен број што ќе го назначи УНДП и не треба да се пополнува од страна на барателите на грант